ПРЕДЛАГАЧ: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ

Скопје, декември 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено: / E pranuar: | 12. 12. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Njësia. Org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlerë |
| 08 | 7076/1 | | |

**ДО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 71 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на Закон за изменување на Законот за извршување на санкциите, по скратена постапка.

**ПРАТЕНИЦИ:**

Бојан Стојаноски
Bekim Qoku
Даниела Бешева
Миле Лефков
Антонијо Милошоски
Драган Ковачки
Дафина Стојаноска
Љупчо Пренџов
Драгана Бојковска
Моника Тројанова
Емилија Алексова
Марија Петрушевска

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 99/19, 220/19, 236/22 и 74/24), се уредува извршувањето на санкциите изречени за кривични дела и прекршоци.

Со Предлогот на Закон за изменување на Законот за извршување на санкциите се врши редефинирање на неколку законски одредби и се предлагаат нови одредби, со што се врши надминување на суштински предизвици во праксата во областа на извршувањето на санкциите поврзани со кривични дела и прекршоци од областа на сообраќајот на патиштата. Истовремено, се обезбедува конзистентност на законските решенија во правниот систем во државата во оваа област и се прифаќаат добри пракси од други европски држави во контекст на функционалност и ефикасна примена на севкупниот реформски процес за Безбеден град.

Наместо пресуда во одделни одредби од Законот, во предложените измени се користи терминот одлука, бидејќи забраната за управување со моторно возило, односно престанокот на важење на возачка дозвола може да се донесе и со решение. Одлуката согласно досегашните одредби се доставуваше на извршување до полициската станица на определено подрачје според местото на живеалиштето, односно престојувалиштето на осуденото лице на кое му е изречена оваа казна, односно санкција, а со предложените измени одлуката ќе се доставува до Министерството за внатрешни работи. Согласно измените спроведувањето ќе се врши со запишување во евиденција на Министерството за внатрешни работи и известување на осудениот. Со цел усогласување со одредбите на Законот за прекршоците, се предвидува дека известувањето на осудениот се врши на начин и под услови утврдени со Законот за прекршоците.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлогот на Закон за изменување на Законот за извршување на санкциите се заснова врз истите начела врз кои е заснован Законот за извршување на санкциите.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на Закон не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија и неговото спроведување не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

## V.СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН

Согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието по Предлогот на Закон да расправа  по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ

Член 1

Во Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 99/19, 220/19, 236/22 и 74/24), членот 268 се менува и гласи:

„(1) Правосилната одлука со која е изречена казната забрана на управување со моторно возило, надлежниот суд што ја донел одлуката во рок од 15 дена од денот на правосилноста, ја доставува на извршување до Министерството за внатрешни работи.

(2) Извршувањето на казната од ставот (1) на овој член, се спроведува од страна на Министерството за внатрешни работи со запишување во евиденција и известување на осудениот.

(3) Известување на осудениот за денот на отпочнување на забраната се врши на начин и под услови утврден во согласност со Законот за прекршоците.

(4) Изречената казна забрана на управување со моторно возило се запишува во казнената евиденција.“

Член 2

Членот 394 се менува и гласи:

„(1) Правосилната одлука со која е изречена санкцијата престанок на важење на возачка дозвола, надлежниот суд што ја донел одлуката во рок од 15 дена од денот на правосилноста на одлуката ја доставува на извршување до Министерството за внатрешни работи.

(2) Извршувањето на санкцијата од ставот (1) на овој член се спроведува од страна на Министерството за внатрешни работи со запишување на престанокот на важењето на возачката дозвола од определен вид или категорија во евиденција и известување на осудениот, при што осудениот не може да отпочне со постапка за полагање на возачки испит од истата категорија согласно со одредбите од Законот за прекршоците.

(3) Известување на осудениот за денот на отпочнување на престанокот се врши на начин и под услови утврден во согласност со Законот за прекршоците.

(4) Изречената санкција престанок на важење на возачка дозвола се запишува во прекршочна евиденција.“

Член 3

Членот 395 се менува и гласи:

„(1) Правосилната одлука со која е изречена санкцијата забрана на управување со моторно возило, надлежниот суд што ја донел одлуката во рок од 15 дена од денот на правосилноста на одлуката ја доставува на извршување до Министерството за внатрешни работи.

(2) Извршувањето на санкцијата од ставот (1) на овој член се спроведува од страна на Министерството за внатрешни работи со запишување во евиденција и известување на осудениот.

(3) Известување на осудениот за денот на отпочнување на забраната се врши на начин и под услови утврден во согласност со Законот за прекршоците.

(4) Изречената санкција забрана на управување со моторно возило се запишува во прекршочна евиденција.

(5) Ако санкцијата од ставот (1) на овој член му биде изречена на лице кое има странска дозвола за управување со моторно возило, оваа санкција опфаќа забрана на управување со моторно возило на територијата на Република Северна Македонија, за што се известува граничната полиција заради извршување на забраната.“

Член 4

Членот 396 се брише.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 февруари 2026 година.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на Закон за изменување на Законот за извршување на санкциите содржи пет члена.

Со членот 1 се врши измена на членот 268, при што наместо пресуда се користи терминот одлука, бидејќи забраната за управување со моторно возило може да се донесе и со решение. Одлуката согласно досегашниот член се доставуваше на извршување до полициската станица на определено подрачје според местото на живеалиштето, односно престојувалиштето на осуденото лице на кое му е изречена оваа казна, а со измените одлуката ќе се доставува до Министерството за внатрешни работи. Согласно измените спроведувањето се врши со впишување во евиденција на Министерството за внатрешни работи и известување на осудениот. Со цел усогласување со одредбите на Законот за прекршоците, се предвидува дека известувањето на осудениот се врши на начин и под услови утврдени со Законот за прекршоците.

Со членот 2 се врши измена на членот 394, каде што терминот пресуда се заменува со терминот одлука поради видот на одлуката што ја носи судот при изрекување на санкцијата престанок на важење на возачката дозвола. Наместо до полициска станица за определено подрачје според местото на живеалиште, односно престојувалиште на сторителот на кој му е изречена санкцијата престанок на важење на возачка дозвола, со измените одлуката се доставува до Министерството за внатрешни работи. Во предложените измени целосно се менува начинот на извршувањето на санкцијата, а имено престанокот се запишува во евиденција, при што осудениот не може да отпочне со постапка за полагање на возачки испит од истата категорија согласно одредбите на Законот за прекршоците. Со цел усогласување со одредбите на Законот за прекршоците, известување на осудениот за денот кога отпочнува престанокот се врши на начин и под услови утврден во согласност со Законот за прекршоци, а изречената санкција престанок на важење на возачка дозвола се запишува во прекршочната евиденција.

Со членот 3 се менува одредбата од членот 395 при што се врши замена на терминот пресуда со терминот одлука, а одлуката за извршување наместо да се доставува на извршување на полициска станица за определено подрачје според местото на живеалиште, односно престојувалиште на сторителот на кој му е изречена оваа санкција, одлуката ќе се доставува на извршување до Министерството за внатрешни работи. Извршувањето се врши со впишување во евиденцијата и известување на осудениот. Со цел усогласување со Законот за прекршоците, се предлага известувањето на осудениот за денот на отпочнување на забраната да се врши на начин и под услови утврден во Законот за прекршоците, а изречената санкција забрана на управување со моторно возило се запишува во прекршочна евиденција. Воедно, во однос на странските државјани, се прецизира дека оваа санкција опфаќа забрана на управување со моторно возило на територијата на Република Северна Македонија, за што се предлага да се извести граничната полиција заради извршување на забраната.

Со членот 4 се брише одредбата која е опфатена со предложениот член 3 од овој Предлог на Закон.

Со членот 5 се уредува влегувањето во сила на Законот, при што се предлага одложна примена на одредбите на законот од 1 февруари 2026 година, што е во контекст на одложната примена на измените на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Законот за прекршоците, а во контекст на функционалност и ефикасна примена на севкупниот реформски процес за Безбеден град.

## II. МЕЃУСЕБНАТА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенија содржани во одредбите од овој Предлог на Закон се меѓусебно поврзани и се надополнуваат и како такви прават една правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените измени на Законот за извршување на санкциите се врши надминување на суштински предизвици во праксата во областа на извршувањето на санкциите поврзани со кривични дела и прекршоци од областа на сообраќајот на патиштата. Истовремено, се обезбедува конзистентност на законските решенија во правниот систем во државата во оваа област и се прифаќаат добри пракси од други европски држави во контекст на функционалност и ефикасна примена на севкупниот реформски процес за Безбеден град.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНЦИИТЕ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ

Член 268

(1) Правосилната пресуда со која е изречена казната забрана на управување со моторно возило надлежниот суд му ја доставува на извршување на полициската станица на определено подрачје според местото на живеалиштето, односно престојувалиштето на осуденото лице на кое му е изречена оваа казна.

(2) Извршувањето на казната од ставот (1) на овој член се спроведува со впишување во возачката дозвола на забраната за управување со моторно возило од одреден вид или категорија или во забрана на нејзино издавање на осуденото лице за времето за кое му е изречена.

(3) Изречената казна забрана на управување со моторно возило се запишува во казнената евиденција.

(4) Ако лицето спрема кое е изречена казната од ставот (1) на овој член го промени местото на живеалиштето, односно престојувалиштето, а времето за кое оваа казна е изречена не истекло, полициска станица за определено подрачје за оваа казна ќе го извести надлежниот суд во местото на живеалиштето, односно престојувалиштето на осуденото лице, во рок од 15 дена.

Член 394

(1) Правосилната пресуда со која е изречена санкцијата престанок на важење на возачка дозвола надлежниот суд ја доставува на извршување на полициска станица за определено подрачје според местото на живеалиште, односно престојувалиште на сторителот на кој му е изречена оваа санкција.

(2) Извршувањето на санкцијата од ставот (1) на овој член се спроведува со впишување на престанокот на важењето во возачката дозвола од одреден вид или категорија, при што осудениот не може да се стекне со право на управување со моторно возило од категоријата со која го сторил прекршокот за кој му е одземена возачката дозвола, пред истекот на шест месеци од денот на престанокот на важењето на возачката дозвола.

(3) Изречената санкција престанок на важење на возачка дозвола се запишува во казнената евиденција.

(4) Возачката дозвола престанува да важи со правосилноста на одлуката со која била изречена санкцијата престанок на важење на возачка дозвола.

Член 395

(1) Правосилната пресуда со која е изречена санкцијата забрана на управување со моторно возило надлежниот суд во рок од 15 дена од денот на донесување на правосилната пресуда и ја доставува на извршување на полициска станица за определено подрачје според местото на живеалиште, односно престојувалиште на сторителот на кој му е изречена оваа санкција.

(2) Извршувањето на санкцијата од ставот (1) на овој член се спроведува со евидентирање во досието на возачот најдоцна во рок од 15 дена од правосилноста на одлуката и започнува да тече од денот на евидентирањето во досието на возачот, за одреден вид или категорија или во забрана на нејзино издавање на сторителот за времето за кое му е изречена.

(3) За тој што нема возачка дозвола, забраната на управување со моторно возило опфаќа забрана за стекнување на возачка дозвола во период од 30 дена до една година.

(4) Изречената санкција забрана на управување со моторно возило се запишува во казнената евиденција.

(5) Ако сторителот спрема кој е изречена санкцијата од ставот (1) односно од ставот (3) на овој член го промени местото на живеалиште, односно престојувалиште, а времето за кое оваа санкција е изречена не истекло, полициската станица за

определено подрачје за оваа санкција ќе го извести надлежниот суд во местото на живеалиште, односно престојувалиште на сторителот.

(6) Ако санкцијата од ставот (1), односно од ставот (3) на овој член му биде изречена на лице кое има странска дозвола за управување со моторно возило, оваа санкција опфаќа забрана на управување со моторно возило на територијата на Република Северна Македонија за што ќе се извести граничната полиција.

Член 396

(1) Санкцијата забрана на управување со моторно возило од одреден вид или категорија за лице кое има странска возачка дозвола за управување со моторно возило ја извршува полициска станица за определено подрачје според местото на извршување на прекршокот.

(2) Возачката дозвола ќе му се врати на странецот при напуштање на територијата на Република Северна Македонија.